Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 21.06.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-1371/1
23.06.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.06.2011 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член во
Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања
на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Битола се разрешува Лилјана Кузмановска, а се именува Илче Димовски, како член на Комисијата.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-1309/3
21.06.2011 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2011 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 21.06.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-1371/2
23.06.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.06.2011 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за прифаќање Кварталниот извештај за
извршување на Буџетот на Општината Битола за
првиот квартал во 2011 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-1309/4
21.06.2010 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за измена и дополнување на
Одлуката за давање поволни услови за инвестиции во
Индустриската зона „Жабени“
за првите 20 хектари

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање поволни услови за инвестиции во Индустриската зона „Жабени“ за првите 20 хектари, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 21.06.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-1371/3
23.06.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.06.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за давање поволни услови за инвестиции во Индустриската зона „Жабени“ за првите 20 хектари

### Член 1

Во Одлуката за давање поволни услови за инвестиции во Индустриската зона „Жабени“ за првите 20 хектари (Службен гласник на Општина Битола бр.12/2010), во членот 9 се додава став 2 кој гласи:

Основица за данок на промет на градежно неизградено земјиште претставува вредноста за купопродажбата постигната во постапката за јавно наддавање, спроведена од државни органи,само при прва продажба.

### Член 2

Измената и дополнувањето на одлуката ќе се однесува за сите досегашни и идни купопродажби во индустриската зона „Жабени“.

### Член 3

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-1309/5
21.06.2011
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 21.06.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-1371/4
23.06.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 21.06.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола

### Член 1

На Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола му се доделуваат 500.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-1309/6
21.06.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска